# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 30.4.2025 година<br>Скопје<br>Број 5 год. XX | Претплатата за 2024 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


април, 2025 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Програма за мерките и активностите на Општина Центар-Скопје во областа на превенцијата, заштитата и спасувањето во кризни состојби .................................................................................. 1 - 6

- Правилник за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Центар-Скопје ........................................ 7 - 10

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/19 од 24.3.2025 година, за промена на адреса на подружница на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје ................................................................ 11 - 12

- Одлука за давање согласност на Одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општна Центар-Скопје бр. 50-2799/81 од 1.4.2025 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија ..................................................... 13 - 14

- Одлука за прифаќање донација од „АПОЛО МК" дооел Скопје, за Јавна установа за деца-Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин" објект „Наум Наумовски Борче" ........... 15 - 16

- Одлука за прифаќање донација од Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување „ПАКОМАК", Скопје ..................... 17 - 18

- Одлука за донесување /недонесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од градежните парцели 1.27 и 1.28 од „Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2 УМ 1.5" (намена А2-домување во згради), Општина Центар-Скопје ........ 19 - 22

- Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за формирање на сектор „Чуварска служба" во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје ...................... 23 - 24

- Одлука за прифаќање донација од Граѓанска асоцијација за унапредување на инклузивноста во градовите и градските простори „Хумани градови" Скопје .................................................. 25 - 26

- Јавни објави ........................................................................................ 27 - 29

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за мерките и активностите на Општина Центар-Скопје во областа на превенцијата, заштитата и спасувањето во кризни состојби**

Се објавува Програмата за мерките и активностите на Општина Центар-Скопје во областа на превенцијата, заштитата и спасувањето во кризни состојби,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година.

Бр. 09-2493/3
29.4.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36, а во врска со член 22, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), како и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), Советот на Општина Центар-Скопје, на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година, донесе:

# ПРОГРАМА
# ЗА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕВЕНЦИЈАТА, ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ВО КРИЗНИ СОСТОЈБИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со оваа Програма се уредуваат проектните мерки и активности, очекуваните резултати, како и целните групи на подрачјето на Општина Центар – Скопје во областа на превенцијата, заштитата и спасувањето во кризни состојби.

(2) Во смисла на став 1 од оваа Програма се предвидуваат следните мерки активности и дејствија во спроведувањето на превенцијата, заштитата и спасувањето во кризни состојби и тоа:

## I. Проектни мерки и активности

| **1.** | |
|---|---|
| **Опис на мерки и активности:** | Редовен сервис, одржување на противпожарни апарати и евентуално ако се појави потреба за набавка на нови противпожарни апарати за Општината и урбаните заедници. |
| **Очекувани резултати:** | Перманентно одржување на апаратите за квалитетно и успешно справување во случај на појава на пожар. |
| **Целна група:** | Општината, урбаните зедници. |

| **2.** | |
|---|---|
| **Опис на мерки и активности:** | Обука и организирање на вежбовни активности за членовите на универзалната единица за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје, за заштита и превенција од несакани елементарни непогоди. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Подготвеност на Универзалната единица за заштита и спасување за делување во дадена ситуација и на членови на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје. |
| **Очекувани резултати:** | Успешно совладување на обуките и стекнување со одредени вештини од посетените курсеви и обуки. |
| **Целна група:** | Универзалната единица за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје и Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје. |

| **3.** | |
|---|---|
| **Опис на мерки и активности:** | Набавување на опрема и средства за доопремување на Единицата за заштита и спасување заради квалитетно и ефикасно справување со сите можни ризици и опасности. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобра опременост на единицата за квалитетно и навремено справување со евентуални појави на природни непогоди. |
| **Очекувани резултати:** | Поефикасно справување со природни непогоди |
| **Целна група:** | Објектите во сопственост на општината како и делување. |

| **4.** | |
|---|---|
| **Опис на мерки и активности:** | Процена на штети од природни непогоди и други несреќи на движен и недвижен имот. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Навремено проценка на штети. |
| **Целна група:** | Недвижен и подвижен имот на граѓани и институции, како и имотот на општината. |

| **5.** | |
|---|---|
| **Опис на мерки и активности:** | Известување до сите основни училишта и градинки на територија на Општина Центар-Скопје да се провери функционалноста на хидрантите за противпожарна заштита, громобранската заштита на објектите, и планска документација. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Зголемена противпожарна безбедност. |
| **Целна група:** | Основни училишта и градинки основани од Општина Центар - Скопје |

| 6. | |
|---|---|
| **Опис на мерки и активности:** | Известување до сите управители на станбени згради и претседатели на заедници на станари на територија на Општина Центар-Скопје, за превентивна редовна проверка и оспособување на внатрешни хидрантски мрежи и уреди за заштита од пожари во станбени згради, согласно законските обврски. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Зголемена противпожарна безбедност. |
| **Целна група:** | Управители на станбени згради и претседатели на заедници на станари. |

| 7. | |
|---|---|
| **Опис на мерки и активности:** | Барање за проверка и оспособување на уличната хидрантска мрежа за заштита од пожари до надлежното Јавно претпријатие Водовод и канализација Скопје. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрена противпожарна безбедност. |
| **Целна група:** | Општина Центар и ЈП Водовод и канализација Скопје и Бригада за противпожарна заштита. |

| 8. | |
|---|---|
| **Опис на мерки и активности:** | Ажурирање на собирните места и местата за евакуација на населението наведени во Планот за заштита и спасување на Општина Центар согласно со инфраструктурниот развој и промените во поединечни делови од Општината. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрена подготвеност за спроведување на мерки за евакуација на населението доколку е тоа потребно согласно со развојот на поединечни делови на Општината. |
| **Целна група:** | Физички и правни лица во Општина Центар-Скопје. |

| 9. | |
|---|---|
| **Опис на мерки и активности:** | Мапирање на запуштени локации и објекти кај кои има ризик од пожар или од загадување на животната средина и известување на сопствениците да преземат мерки за отстранување на ризиците. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Намален ризик од пожари, загадување на животната средина и појавување на глодари и штетници. |
| **Целна група:** | Општина Центар-Скопје и сопственици на имоти. |

| **10.** | |
|---|---|
| **Опис на мерки и активности:** | Редовно ажурирање на сите плански документи, Планот за заштита и спасување за општината и просторот каде е сместена администрацијата (бараки) по сите мерки,<br>Процена за заштита и спасување, правилници и сите останати активности во делокругот на заштитата и рана превенција. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Ефикасно и навремено реагирање и превземање на превентивни мерки за заштита и спасување при несакана елементарна непогода. |
| **Целна група:** | Општина Центар-Скопје, администрација на општината – физички и правни лица на подрачјето на општината |

| **11.** | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Редовно/годишно ангажирање на лиценцирана фирма за чистење на снег и мраз од коловоз во зимските услови на територијата на Општина Центар-Скопје, како и чистење на снегот и мразот согласно Одлуката за комунален ред |
| **Стратешки насоки и цели:** | Ефикасно и навремено реагирање и превземање на превентивни мерки за заштита и спасување при несакана елементарна непогода, како и превенција и заштита на граѓаните и спречување на штети |
| **Целна група:** | Општина Центар-Скопје, физички и правни лица, ЈП ПОЦ - Скопје |

## II. РЕАЛИЗАЦИЈА НА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ

### Член 2

(1) Реализацијата на мерките и активностите предвидени во оваа Програма ја спроведува Општина Центар – Скопје, во соработка со другите надлежни државни органи, институции и служби, како и физичките и правни лица на подрачјето на Општина Центар – Скопје.
(2) Покрај предвидените мерки и активности утврдени во член 1 на оваа Програма, кои се однесуваат за превенција заштита и спасување на граѓаните во кризни состојби, на подрачјето на Општина Центар – Скопје во тековниот период ќе се реализираат и конкретни активности и тоа:

- Редовно годишно ажурирање на мерките и активностите за приправност;
- Спроведување на мерки и активности што не можат однапред да се предвидат, а кои се од интерес за заштита на физичките и правните лица, како и на материјалните добра.
- Други мерки и активности кои ќе произлезат од соработката со други државни органи и институции.

**Член 3**

(1) Општина Центар-Скопје преку администрацијата задолжена за заштита и спасување на граѓаните во рамки на надлежните сектори изработуваат динамички план со временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма.
(2) Врз основа на оваа Програма, а во согласност со Законот за локалната самоуправа, Градоначалникот на Општина Центар – Скопје може со посебно решение може да формира привремени односно постојани комисиии заради реализација на одредени мерки и активности предвидени во оваа Програма.
(3) Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата се реализира со непосредна соработка со Градоначалникот и Секретарот на Општина Центар-Скопје, Советот на Општина Центар-Скопје, администрацијата на општината, другите државни органи, институции и служби, како и физичките и правни лица на подрачјето на Општина Центар – Скопје.

## II. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 4**

(1) Со влегувањето во сила на оваа Програма престанува да важи Програмата за активностите на Општина Центар-Скопје во областа на превенција заштита и спасување за кризни состојби („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ број 9/22)

**Член 5**

(2) Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2493/2
29.4.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Правилникот за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година.

Бр. 09-2493/5
29.4.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 65 став 14 од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 64/12, 148/13,187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), Советот на Општина Центар-Скопје на 47. седница одржана на 29.4.2025, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

## Член 1

(1) Со овој правилник се врши категоризација на објектите за спорт на подрачјето на Општина Центар-Скопје во сопственост на општината.

(2) Објекти за спорт во сопственост на Општина Центар во смисла на став 1 од овој член се категоризираат согласно нивната функционалност, опременост, безбедност и содржини за спорт и спортско рекреативни активности и врз основа на следниве критериуми со кои се обезбедуваат услови: за остварување на локалниот интерес; за остварување на содржините на спортските активности; обезбедување на квалитет и можности за одржување на спортски натпревари од спортско рекреативни активности, досегашното управување и инвестирање во објект, остварените резултати во објектите и развиеност на спортот.

## Член 2

(1) Објектите за спорт се категоризираат во три категории и тоа:

- I категорија објекти за спорт во кои спаѓаат објекти за обезбедување на можности за одржување на меѓународни натпревари, турнири, одржување на европско и светско првенство;
- II категорија објекти за спорт во кои спаѓаат објекти за одржување на национален систем на натпревари на државните спортски федерации и за спортско рекреативни активности на граѓаните и
- III категорија објекти за спорт спаѓаат училишните спортски сали кои се дадени на управување на училиштата.

(2) Објектите за спорт во сопственост и надлежност на Општина Центар – Скопје се категоризираат во две категории II и III категорија, додека Општината нема во сопственост и надлежност објекти за спорт од I категорија.

**Член 3**

(1) Во II категорија објекти за спорт во смисла на овој Правилник се категоризираат објекти за спорт на подрачјето на Општина Центар – Скопје во општинска сопственост, односно надлежност кои ги исполнуваат условите за одржување на национален систем на натпревари на државните спортски федерации и за спортско рекреативни активности на граѓаните и тоа:

| **Ред. број** | **Спортски објект (име) и каде се наоѓа** | **Катастарска општина и Катастарска парцела** |
|---|---|---|
| 1 | Спортска сала „Македонско Сонце" во ООУ „11 Октомври" | КО Центар 1, КП 13242 |
| 2 | Спортска Сала Работнички во Градски парк Скопје | КО Центар 1, КП 5112 |

(2) Во III категорија објекти за спорт во смисла на овој Правилник се категоризираат објектите за спорт на подрачјето на Општина Центар – Скопје, во општинска сопственост, односно надлежност со намена на училишни спортски сали и се дадени на управување на општинските основни училишта и тоа:

| **Ред. број** | **Спортски објект (име) и каде се наоѓа** | **Катастарска општина и Катастарска парцела** |
|---|---|---|
| 1 | Фискултурна сала во ООУ „11 Октомври" | КО Центар 1, КП 13242 |
| 2 | Терен - спортско игралиште во ООУ„11 Октомври" | КО Центар 1, КП 13242 |
| 3 | Фискултурна сала во ООУ„ Гоце Делчев" | КО Центар 1, КП 13515 |
| 4 | Спортска сала во ООУ„Јохан Хајнрих Песталоци" | КО Центар 1, КП 11421/5 |
| 5 | Спортска сала во ООУ „Киро Глигоров" | КО Центар 2, КП 701/2 |
| 6 | Гимнстичарска сала во ООУ „Киро Глигоров" | КО Центар 2, КП 701/2 |
| 7 | Фискултурна сала во ООУ„Коле Неделковски" | КО Центар 1, КП 10196 |
| 8 | Сала во ООУ„Кочо Рацин" | КО Центар 2, КП 1734/3 |
| 9 | Фискултурна сала во ООУ „Свети Кирил и Методиј" | КО Центар 1, КП 8889 |
| 10 | Фискултурна сала во ООУ„Димитар Миладинов | КО Центар 1, КП 13566 |
| 11 | Затворен училишен базен во ООУ„Димитар Миладинов | КО Центар 1, КП 13566 |
| 12 | Спортски терен со вештачка трева во ООУ„Димитар Миладинов" | КО Центар 1, КП 13566 |
| 13 | Спортски терен со вештачка трева во ООУ„Димитар Миладинов" | КО Центар 1, КП 13566 |

**Член 4**

(1) Спортските сали кои се во склоп на општинските основни и средни училишта, училиштата може да ги даваат на користење на физички и правни лица само ако користењето, терминот на издавањето, не ги попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно-образовниот процес.

(2) Начинот, условите и надоместокот за користење на спортските сали е утврден во Одлуката за условите и начинот на давање на користење на училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар – Скопје („Службен гласник на Општина Центар - Скопје" број 5/22).

**Член 5**

Овој Правилник влегува на сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Центар – Скопје".

Бр. 08-2493/4
29.4.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/19 од 24.3.2025 година, за промена на адреса на подружница на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/19 од 24.3.2025 година, за промена на адреса на подружница на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година.

Бр. 09-2493/7
29.4.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19; 89/22 274/22 и 208/24) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година, донесе

# ОДЛУКА
## за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/19 од 24.3.2025 година, за промена на адреса на подружница на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје

### Член 1
Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/19 од 24.3.2025 година, за промена на адреса на подружница на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

### Член 2
Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

### Член 3
Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2493/6
29.4.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општна Центар-Скопје бр. 50-2799/81 од 1.4.2025 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општна Центар-Скопје бр. 50-2799/81 од 1.4.2025 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година.

Бр. 09-2493/9
29.4.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општна Центар-Скопје бр. 50-2799/81 од 1.4.2025 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје дава потврда на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар-Скопје бр. 50-2799/81 од 1.4.2025 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје се овластува да го склучи Договорот со Министерот за животна средина и просторно планирање, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од Одлуката од член 1.

**Член 3**

Одлуката да се достави до Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2493/8
29.4.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за прифаќање донација од „АПОЛО МК" дооел Скопје, за Јавна установа за деца-Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин" објект „Наум Наумовски Борче"**

Се објавува Одлука за прифаќање донација од „АПОЛО МК" дооел Скопје, за Јавна установа за деца-Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин" објект„Наум Наумовски Борче",

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година.

Бр. 09-2493/11
29.4.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од „АПОЛО МК" дооел Скопје, за Јавна установа за деца-Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин" објект „Наум Наумовски Борче"**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од „АПОЛО МК" дооел Скопје, за Јавна установа за деца-Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин" објект „Наум Наумовски Борче" на две (2) лулашки и две (2) лизгалки од метална конструкција, наменето за надворешниот простор во објектот.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје се овластува да го потпише Договорот за донација со „АПОЛО МК" дооел Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2493/10
29.4.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за прифаќање донација од Друштво за управување со пакување и отпад од пакување „ПАКОМАК" доо Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Друштво за управување со пакување и отпад од пакување „ПАКОМАК" доо Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година.

Бр. 09-2493/13
29.4.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24) и член 4 и 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година, донесе

# О Д Л У К А
## за прифаќање донација од Друштво за управување со пакување и отпад од пакување „ПАКОМАК“ доо Скопје

### Член 1

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од Друштво за управување со пакување и отпад од пакување „ПАКОМАК“ доо Скопје и „Ротари Клуб Скопје Вест“, за донирање на урбана опрема пет (5) сета троделни канти за селекција на отпад од пакување (сет од жолта, сина и зелена канта).

### Член 2

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје се овластува да го потпише Договорот за донација.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2493/12
29.4.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од градежните парцели 1.27 и 1.28 од - Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Буњаковец 2“ УМ 1.5 (намена-А2 домување во згради), Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од градежните парцели 1.27 и 1.28 од - Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Буњаковец 2“ УМ 1.5 (намена-А2 домување во згради), Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година.

Бр. 09-2493/15
29.4.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општината Центар – Скопје („Службен гласник на Општина Центар – Скопје" бр.1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20; 111/23; 171/24; 224/24 и 40/25), Советот на Општина Центар-Скопје, на 47. седница одржана на 29.4.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од градежните парцели 1.27 и 1.28 од - Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Буњаковец 2" УМ 1.5 (намена-А2 домување во згради), Општина Центар - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува План за парцелација од Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од градежните парцели 1.27 и 1.28 од - Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Буњаковец 2" УМ 1.5 (намена – А2 домување во згради), Општина Центар - Скопје, изработен од Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др. ГОПЛАН ДОО Гостивар, со технички број 27/24 од март 2025, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.225/20; 219/21; 104/22; 99/23 и 7/25).

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од градежните парцели 1.27 и 1.28 од - Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Буњаковец 2" УМ 1.5 (намена – А2 домување во згради), Општина Центар - Скопје претставува разработка на Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план „Буњаковец 2" УМ 1.5, донесен од Советот на Општина Центар - Скопје со Одлука бр.07-2780/16 од 5.4.2012 година.

План за парцелација е графички прилог и составен дел на урбанистичкиот план во кој се врши секундарната поделба на градежното земјиште односно во кој се формираат градежните парцели, додека во урбанистичкиот проект планот за парцелација е планско-проектен документ за препарцелација на формирани парцели.

**Член 2**

Опфатот на Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од градежните парцели 1.27 и 1.28 од - Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Буњаковец 2" УМ 1.5 (намена – А2 домување во згради),

Општина Центар-Скопје е сместен во локалитетот Буњаковец 2 и ги зафаќа катастарските парцели 10488, 10489, 10490, 10494 и 10495, КО Центар 1, Општина Центар – Скопје.
Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 537.36м².

**Член 3**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение 09-2266/1 од 8.4.2025 година за Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од градежните парцели 1.27 и 1.28 од - Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Буњаковец 2" УМ 1.5 (намена – А2 домување во згради), Општина Центар - Скопје, издаде Позитивно мислење со бр.09-150/8 од 16.4.2025 година (со прилог Известување за разгледан идеен проект бр.26-150/7 од 14.4.2025 година), со кое што потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.225/20; 219/21; 104/22; 99/23 и 7/25).

**Член 4**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од градежните парцели 1.27 и 1.28 од - Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Буњаковец 2" УМ 1.5 (намена – А2 домување во згради), Општина Центар - Скопје, ќе се одобри од страна на Градоначалникот веднаш по донесувањето на Планот за парцелација.

**Член 5**

Потврдениот Урбанистички проект задолжително се објавува во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службениот гласник на Општина Центар – Скопје" и на веб - страницата на Општината.

**Член 6**

Потврдениот Урбанистички проект станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој овластен пристап имаат донесувачот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности и другите учесници на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.

**Член 7**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од градежните парцели 1.27 и 1.28 од - Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Буњаковец 2" УМ 1.5 (намена – А2 домување во згради), Општина Центар - Скопје, може да се спроведува по извршено дигитално преклопување. Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од 15 работни дена од приемот на известувањето за потврдениот урбанистички проект, да го изврши дигиталното преклопување.

**Член 8**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од градежните парцели 1.27 и 1.28 од - Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Буњаковец 2" УМ 1.5 (намена – А2 домување во згради), Општина Центар - Скопје, ќе се применува по исполнување на одредбите од членовите 4, 5, 6 и 7 од оваа Одлука.

**Член 9**

Составен дел на оваа Одлука е Планот за парцелација од Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од градежните парцели 1.27 и 1.28 од - Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Буњаковец 2" УМ 1.5 (намена – А2 домување во згради), Општина Центар - Скопје.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар–Скопје".

Бр. 08-2493/14
29.4.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за формирање на сектор „Чуварска служба" во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за формирање на сектор „Чуварска служба" во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година.

Бр. 09-2493/17
29.4.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година, расправаше по Предлог иницијативата за формирање на сектор „Чуварска служба“ во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје и донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање на Иницијатива за формирање на сектор „Чуварска служба“ во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

1. Се прифаќа Иницијатива за формирање на сектор „Чуварска служба“ во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

2. Се задолжува Општина Центар-Скопје и Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје , да започнат постапка за реализирање на чуварска служба.

3. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2493/16
29.4.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација од Граѓанска асоцијација за унапредување на инклузивноста во градовите и градските простори „Хумани градови“ Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Граѓанска асоцијација за унапредување на инклузивноста во градовите и градските простори „Хумани градови“ Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година.

Бр. 09-2493/19
29.4.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24) и член 4 и 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 47. седница, одржана на 29.4.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од Граѓанска асоцијација за унапредување на инклузивноста во градовите и градските простори „Хумани градови“ Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од Граѓанска асоцијација за унапредување на инклузивноста во градовите и градските простори „Хумани градови“ Скопје, за донирање на шест (6) засолништа за кучиња, кои претставуваат една архитектонска целина.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје се овластува да го потпише Договорот за донација со Граѓанската асоцијација за унапредување на инклузивноста во градовите и градските простори „Хумани градови“ Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2493/18
29.4.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Согласно Законот за општа управна постапка, член 84, Општина Центар ја врши следната објава

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**бр.27-853/4 од 28.03.2025 год.**
**С К О П Ј Е**

**До**

**Милиновиќ Андреја**,ул.Р.Жинзифов,бр.51/2-1,Скопје
**Радин Надежда**, ул.Р.Жинзифов, бр.51/2-2,Скопје
**Спасиќ Драгица**, ул.Р.Жинзифов, бр.51/2-3,Скопје
**Гаджа Мирко**, ул.Р.Жинзифов, бр.51/2-4,Скопје
**Димитриевски Боше**, ул.Р.Жинзифов, бр.51/2-6,Скопје
**Јовиќ Славолјуб**, ул.Р.Жинзифов, бр.51/1-1,Скопје
**Десовски Манојло**, ул.Р.Жинзифов, бр.51/1-2,Скопје
**Анастасов Иванчо**, ул.Р.Жинзифов, бр.51/1-3,Скопје
**Чагоровиќ Мирјана**, ул.Р.Жинзифов, бр.51/1-4,Скопје
**Михаилова Љубица**, ул.Р.Жинзифов, бр.51/1-5,Скопје
**Дуковска Цветанка**, ул.Бул.Асном, бр.30/2-6,Скопје
**Дуковски Јордан**,Бул.Асном, бр.30/2-6,Скопје
**Крстевски Дејан**, ул.Партизански Одреди, бр.6,Битола
**Секуловски Сашо**, ул.Р.Жинзифов, бр.51/2-2,Скопје
**Дејан Гијевски**,Ул. Карл Либкнехт, бр.82/1-2,Скопје
**Биљана Ризеска**,Ул. Карл Либкнехт, бр.82/1-2,Скопје
**Анастасов Љубомир Иванчо**, ул.Р.Жинзифов, бр.51/1-3,Скопје
**Ива Корженска**, ул.Митрополит Теод.Гологанов, бр.74/1-9,Скопје
**Стојков Владимир**, ул.Рајко Жинзифов, бр.51/1-4,Скопје
**Драган Спасиќ**, ул.Рајко Жинзифов, бр.51 ,Скопје
**Михајлова Марија**,Рајко Жинзифов, бр.51/1-5,Скопје
**Кирил Михајлов**, ул.Св Кирил И Методиј, бр.2/2-6,Скопје
**Филип Тодороски**, ул.Рајко Жинзифов, бр.51/2-5,Скопје
**Витанова Рада**, ул.АФЖ, бр.80,Скопје
**Димитриевски Трајан Боше**, ул.Шумадиска, бр.51/2-6,Скопје
**Никола Михајлов**, ул.Бошко Златанов, бр.14 ,Велес
**Катерина Боглева**, ул.Балзакова, бр.32/1-1,Скопје
**Гоцевска Лилјана**, ул.Народен Фронт, бр.25/1-43,Скопје
**Чипановски Иван**, ул.Илинденска, бр.12 ,Охрид
**Несторов Симеон**, ул.Рајко Жинзифов, бр.51,Скопје
**Апостол Икономов**, ул.Шумадиска, бр.16а/1-12,Скопје
**Шостер Лукер Блажо**, ул.Шумадиска, бр.16а/1-1,Скопје
**Ангела Маневска**, ул.Коста Абрашевиќ, бр.33 ,Скопје
**Петар Милошевски**,Ул.Стоби, бр.5б/2-3,Скопје
**Органџиев Чедо Ѓорѓи**, ул.Шумадиска, бр.16а/4, Скопје
**Филип Јовановски**, ул.Христо Узунов, бр.3Е, Битола
**Ивана Васева**,Ул.95 Волково, бр.57, Скопје
**Трајчева Елена**, ул.Вич, бр.8/2, Скопје
**Бунаровска Васа**, ул.Шумадиска, бр.16а/7,Скопје

**Бунаровска Васа** , ул.Павле Илиќ, бр.31/1-16, Скопје
**Радовиќ Жарко**, ул.11 Октомври, бр.2/6-6, Скопје
**Радовиќ Жарко** , ул.Шумадиска, бр.16а/8, Скопје
**Аврамовски Драги**, ул.Шумадиска, бр.16а/9, Скопје
**Аврамовски Љупчо**, ул.Шумадиска, бр.16а/9, Скопје
**Милевски Зоран**, ул.К.Металец, бр.7/11, Скопје
**Крстевски Зоран** , ул.Шумадиска, бр.16а, Скопје
**Андриќ Бранко Чедомир**, ул.Шумадиска, бр.16а/1-12, Скопје
**Анита Ѓорѓиева**, ул.Шумадиска, бр.16а/1-13,Скопје

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје постапувајќи по барањето на инвеститорите **Попова Славица** од Скопје и Друштво за производство, инженеринг, услуги и трговија **КОНСТРУКТОР ДОО** експорт импорт Скопје, поднесено во електронска форма преку информатичкиот систем е-одобрение за градење, под бр.27-3491/1 од 24.07.2024 год.за издавање Одобрение за градење на објект со намена семејно А2 - домување во станбени згради, на ул.Шумадиска бр.16 во Скопје, на КП 11440, КО Центар 1, согласно Г.П. 19.10 од ДУП:Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Буњаковец 2", донесен со Одлука бр.07-9331/10 од 10.12.2012 год., издаде Одобрение за градење **бр.27-853/3 од 12.02.2025 год.** согласно законска регулатива за градење на тој вид градба.

Согласно член 62-а од Законот за градење („Службен весник на Р.М." бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2013, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 71/2016,132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018) и („Службен весник на Р.С.М." бр.244/19,18/20,279/20,227/22 и 111/23), Ве известуваме дека во рок од 15 дена од денот на приемот на ова известување можете да извршите увид во документацијата.

Увид во издаденото одобрение може да се изврши секој вторник и четврток од 09h - 11h, во просториите на Општина Центар, барака 3, ул.Михаил Цоков ББ во Скопје.

Горното Ви се дава на знаење.

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото Одобрение во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, одобрението станува правосилно.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 09-1177/4
Датум: 24.03.2025

Во согласност со член 63 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24), а во врска со член 62 став (10) градоначалникот издава

**П О Т В Р Д А З А З А В Е Р К А**
**на**
**Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 6.24, ГП 6.26 и ГП 6.28 од Изменување и дополнување на Детален урбанистчки план Буњаковец 2, Општина Центар - Скопје**

врз основа на издадените:

1. Позитивно **Мислење со број 09-1177/2 од 20.2.2025** година **од комисијата за урбанизам** на барањето на одобрување на цитираниот Урбанистички проект доставен во информацискиот систем е-урбанизам **постапка број 55793**, изработен од ИН-ПУМА Скопје со технички број 127/2023 од декември 2024 година, во име на нарачателите и инвеститори ГОЛДЕН АРТ ДОО Скопје, МЕГА ДОО Куманово и АКУСТИК ДООЕЛ Скопје,
2. **Известување бр. 26-1177/1 од 19.2.2025** година **дека идејниот проект** со технички број 08-704/1 од 14.6.2024г. од Симона Костовска, миа со Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура број: 1.2924 со важност до 20.3.2029 година, за Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз-извоз Скопје со Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија број П.527/Б со важност до 22.5.2031 година, **е изработен во согласност со член 48-а став (1) од Законот за градење** („Службен весник на РМ" бр. 130/09; 124/10; 18/11; 18/11; 36/11; 49/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 129/15; 129/15; 226/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18; 168/18) и („Службен весник на РСМ" бр.244/19; 18/20; 279/20; 227/22),
3. **Одлука за донесување** Предлог-планот за парцелација од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, **бр. 08-1503/24 од 12.3.2025** година и
4. **Предлог за одобрување** на *Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 6.24, ГП 6.26 и ГП 6.28 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје*, издаден од комисијата **со бр. 09-1177/3 од 13.3.2025** година.

Прилог на оваа *Потврда за заверка* е целокупната документација презентирана во информацискиот систем е-урбанизам за постапка број 55793.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**м-р Горан Герасимовски**

Стр. **1** од **1**

ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk